# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на
Општината Битола
излегува по потреба

**www.bitola.gov.mk**

**Број 9, година XLVIII**
**Четврток, 07.09.2017**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво

1. Ја објавувам Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.09.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-803/1
07.09.2017 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 25 став 1, член 28 став 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 6 став 1, член 36 и 37 од Законот за референдум и други облици на непосредно одлучување на граѓаните („Службен весник на РМ“ бр. 81/05) и член 82 став 1 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.09.2017 година, донесе

### О Д Л У К А
### за распишување на референдум на локално ниво

**Член 1**

Советот на Општинта Битола распишува референдум за подрачјето на Општината Битола заради изјаснување на граѓаните на Општина Битола за создавање на услови за населување и интеграција на бегалци и мигранти на подрачјето на Општината Битола.

Референдумот го распишува Советот на Општината Битола по сопствена иницијатива.

**Член 2**

На референдумот на локално ниво граѓаните на Општината Битола ќе треба да се произнесат по однос на следното прашање:

1. Дали сте ЗА или ПРОТИВ населување и интеграција на мигранти на подрачјето на Општина Битола?

**Член 3**

Одлуката на референдумот на локално ниво ќе се смета за донесена ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број на граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во Изводот од Избирачкиот список за Општината.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна.

**Член 4**

Референдумот на локално ниво ќе се одржи на ден 15.10.2017 година (недела), во периодот од 07.00-19.00 часот.

Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдум во службеното гласило на Општината, до денот на одржување на референдумот на локално ниво не можат да поминат помалку од 25 дена ниту повеќе од 40 дена.

**Член 5**

Референдумот ќе го спроведе Општинската изборна комисија Битола и избирачките одбори.

**Член 6**

Средствата за спроведување на референдумот ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Битола со наредниот ребаланс на Буџетот.

**Член 7**

Примерок од оваа Одлука да се достави до Општинската изборна комисија и Државната изборна комисија на РМ.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“, а ќе биде објавена и на огласната табла во Општината Битола и веб-страницата на Општината Битола.

Бр.09-63/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.09.2017 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на донација од Фудбалската Федерација на РМ во вид на изведба и монтажа на две трибини (исток, запад) на градскиот стадион Тумбе кафе во Битола од страна на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на донација од Фудбалската Федерација на РМ во вид на изведба и монтажа на две трибини (исток, запад) на градскиот стадион Тумбе кафе во Битола од страна на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 04.09.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-803/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
07.09.2017 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 04.09.2017 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање на донација од Фудбалската Федерација на РМ во вид на изведба и монтажа на две трибини (исток, запад) на градскиот стадион Тумбе кафе во Битола од страна на Општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општината Битола дава согласност за прифаќање на донација од Фудбалската Федерација на РМ во вид на изведба и монтажа на две трибини (исток, запад) на градскиот стадион Тумбе кафе во Битола од страна на општина Битола.

Монтажните трибини ќе бидат поставени како објекти од времен карактер, до обезбедување на финансиски средства и целосна реализација и изградба на двете трибини (исток,запад) согласно изработениот проект „Фудбалски стадион од 9907 гледачи во општина Битола“, за стадионот Тумбе кафе за кој што Општината Битола има издадено одобрение за градба.

**Член 2**

По донесувањето на оваа Одлука, Фудбалската Федерација на РМ ќе спроведе постапка за избор и назначување на изведувач на двете монтажни трибини.

**Член 3**

Општината Битола во договорот кој ќе биде склучен со ФФМ, се обврзува на следните обврски:

- да го подготви и расчисти теренот за изведување на работите предмет на овој Договор;
- пред почетокот и во текот на изведување на работите да обезбеди на сопствен трошок: времен приклучок за градежна струја, градежна вода приклучок кон атмосферкска канализација.
- да организира и да му дозволи на ФФМ и на изведувачот на работите пристап до Стадионот во Битола, во насока на превземање на активности за извршување на обврските од овој Договор.
- да ги спроведе целокупните административни работи потребни потребните за поставување на двете трибини позади голови на стадионот во Битола.

По извршен технички преглед од страна на Надзорниот инжинер и изготвен позитивен Извештај за извршен технички преглед кој ќе биде доставен до Општината заедно со целата потребна документација, трибините да ги стави во употреба.

По реализација на проектот да изврши осигурување на објектите од сите видови штети и да достави копија од осигурителна полиса до ФФМ.

Да ги стави на располагање стручните служби при општинската администрација.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-63/4
04.09.2017 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 , 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола**

1. Се разрешува **Кирил Печалев** ВД Директор на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола од функцијата ВД Директор заклучно со 13.08.2017 година поради завршување на мандат.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за именување на ВД Директор на Средното општинско училиште Гимназија, ‚Јосип Броз Тито„ Битола, бр.08- 806/7-2016 од 20.01.2017 година, за ВД Директор е избран Кирил Печалев.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот ВД Директор.

**Бр.08-571/5**
**14.08.2017 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**д-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017) Градоначалникот на Општина Битола а по добиеното Известување од СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола бр. 03-202/3 од 24.07.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на В.Д. Директор на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола**

1. За В.Д. Директор на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола **се именува Кирил Печалев** ВСС досегашен ВД Директор во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 14.08.2017 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Битола донесе Одлука за објавување на јавен оглас за избор на Директор во СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито„ бр. 08-571/1 од 13.06.2017 година.. По распишаниот јавен оглас за избор на директор на училиштето, Градоначалникот на Општината Битола со допис од Училишниот одбор бр. 03- 202/1 од 18.07.2017 година е известен дека по објавениот Јавен оглас за избор на директор на училиштето не се пријавил ниту еден кандидат.
Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола, имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директор е завршен, а согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на избраниот В.Д. Директор.

**Бр.08-571/6**
**14.08.2017 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**д-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 , 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола**

1. Се разрешува **Јасмина Никиќ-Десановска** ВД Директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи„ Битола од функцијата ВД Директор заклучно со 13.08.2017 година поради завршување на мандат.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола, бр. 08- 805/5 од 20.01.2017 година, за ВД Директор е избрана Јасмина Никиќ-Десановска.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД Директорот е завршен се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот ВД Директор.

**Бр.08-572/4**
**14.08.2017 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**д-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017) Градоначалникот на Општина Битола а по добиеното Известување од ОСМУ „Д-р Јован Калаузи,, Битола бр. 03-284/1 од 25.07.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на В.Д. Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи,, Битола**

1. За В.Д. Директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи,, Битола **се именува Јасмина Никиќ-Десановска** ВСС досегашен ВД Директор во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 14.08.2017 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Битола донесе Одлука за објавување на јавен оглас за избор на Директор во ОСМУ „Д-р Јован Калаузи, , бр. 08-572/1 од 13.06.2017 година..

Поради обезбедување на континуитет во Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи,, Битола, имајки го во предвид фактот што не е завршена постапката за избор на Директор, а мандатот на ВД Директорот е завршен согласно, член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи,, Битола, архивата на општинската администрација и еден примерок на избраниот В.Д. Директор.

**Бр.08-572/5**
**14.08.2017 год.**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**д-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 128 и 132 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 67/2017) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на Директор на основно училиште**
**„Крсте Петков Мисирков„ Битола**

1. Се разрешува **Јованка Трајчевска** Директор на ОУ „Крсте Петков Мисирков„ Битола од функцијата Директор заклучно со 16.08.2017 година поради завршување на мандат.

2. Разрешениот Директор со новоименуваниот ВД Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со закон.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на Директор на основно училиште „Крсте Петков Мисирков„ ,Битола, бр. 08-573/7 од 15.07.2013 година, за Директор е избрана Јованка Трајчевска.

Имајки го во предвид фактот што мандатот на директорот заврши, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08-**755
**16.08.2017 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**д-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 132 и 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 67/2017 ) Градоначалникот на Општина Битола , а по добиеното известување од ОУ „Крсте Петков Мисирков„ бр. 03-5/33 од 15.08.2017 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување ВД Директор на основно училиште**
**„Крсте Петков Мисирков„ Битола**

1. За В.Д. Директор на ОУ „ Крсте Петков Мисирков„ , Битола **се именува** Светлана Соклевска ВСС Наставник во училиштето со положен испит за директор.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 17.08.2017 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3. Новоименуваниот ВД Директор со разрешениот Директор да извршат примопредавање на правата и должностите во согласност со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Основното училиште „Крсте Петков Мисирков„ Битола, имајки го во предвид фактот што сеуште не е завршена постапката за избор на Директор, а мандатот на директорот е завршен, согласно член 132 и 135 од Законот за основно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08-** 755/2
**16.08.2017 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**д-р Владимир Талески**

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за распишување на референдум на локално ниво ...................................................... 1

ОДЛУКА за прифаќање на донација од Фудбалската Федерација на РМ во вид на изведба и монтажа на две трибини (исток, запад) на градскиот стадион Тумбе кафе во Битола од страна на Општина Битола .................. 2

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“, Битола........................................................4

Р Е Ш Е Н И Е за именување на В.Д. Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“, Битола................... 5

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на В.Д. Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“, Битола................ 6

Р Е Ш Е Н И Е за именување на В.Д. Директор на Општинско средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“, Битола ............... 7

Р Е Ш Е Н И Е за разрешувње на Директор на основно училиште „Крсте Петков Мисирков“, Битола ..................................................................... 8

Р Е Ш Е Н И Е за именување на Директор на основно училиште „Крсте Петков Мисирков“, Битола

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211